# *СЛУЖБЕН ГЛАСНИК*
# *НА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО*

| | | |
|---|---|---|
| **Службен гласник на Општина Пехчево** | **Понеделник 03.11.2025 год.** | **Уредува: Душко Миовски** |
| **Излегува по потреба Гласникот е бесплатен** | **Број 07 - Година 2025** | **Општина Пехчево тел. (033) 441-321** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на актите од Советот на општина Пехчево**

Се објавуваат актите донесени од Советот на општина Пехчево на конститутивната седница одржана на ден 03.11.2025 година, во Службен Гласник на општина Пехчево и тоа:

1. Одлука за формирање на комисија за верификација, мандатни прашања, избори и именувања;
2. Одлука за верификација на мандатите на членовите на Советот на општина Пехчево;
3. Одлука за формирање на кандидациона комисија;
4. Одлука за избор на претседател на советот на општина Пехчево;

Бр. 09-1130/1
03.11.2025 год.
Пехчево

Општина Пехчево
Градоначалник
Александар Китански с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за формирање на комисија за верификација, мандатни прашања, избори и именувања**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за формирање на комисија за верификација, мандатни прашања, избори и именувања, што советот на општина Пехчево ја донесе на конститутивната седница одржана на ден 03.11.2025 година.

Бр. 09-1130/2
03.11.2025 год.
Пехчево

Општина Пехчево
Градоначалник
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 32 став 2 од Законот за Локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. Бр 5/02 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), член 35 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), Советот на општина Пехчево на конститутивната седница одржана на 03.11.2025 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за формирање на комисија за верификација, мандатни прашања, избори и именувања при Советот на општина Пехчево**

**Член 1**

Се формира комисија за верификација, мандатни прашања, избори и именувања при Советот на општина Пехчево.

**Член 2**

Комисијата за верификација, мандатни прашања, избори и именувања има за задача да изготви Извештај со предлог за верификација на мандати и да ги верифицира мандатите на советниците во советот на општина Пехчево, врз основа на издадените уверенија од Општинската изборна комисија и врз основа на личните исправи за идентификација на членовите на Советот на општина Пехчево.

**Член 3**

Советот на општина Пехчево за членови на Комисија за верификација, мандатни прашања, избори и именувања ги именува:

Благојчо Јовевски - претседател

Марјана Андоновска - член
Јордан Магдов - член
Ангел Каракостов - член
Марјанчо Димитров - член

**Член 4**

Одлуката влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во Сл. Гласник на општина Пехчево.

Бр. 09-1125/1
03.11.2025 год.
Пехчево

Претседавач на конститутивната
седница на советот на општина Пехчево
Јордан Магдов с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за верификација на мандатите на членовите на Советот на општина Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за верификација на мандатите на членовите на Советот на општина Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на конститутивната седница одржана на ден 03.11.2025 година.

Бр. 09-1130/3 — Општина Пехчево
03.11.2025 год. — Градоначалник
Пехчево — Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 33 и член 35 став 1 од Законот за Локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), член 15 од Статутот на општина Пехчево (Сл. Гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), издадените Уверенија за избор на членови на Советот на општина Пехчево од страна на Општинската изборна комисија Пехчево и поднесениот Извештај со предлог за верификација од страна на комисијата за верификација, мандатни прашања, избори и именувања, Советот на општина Пехчево на конститутивната седница одржана на 03.11.2025 година донесе

**О Д Л У К А**
**за верификација на мандатите на членовите на Советот на општина Пехчево по завршувањето на Локалните избори 2025 година**

**Член 1**

Со оваа одлука СЕ ВЕРИФИКУВА мандатот на членови на советот на општина Пехчево, избрани на Локалните избори 2025 година. Верификацијата се однесува на мандатот на следните советници:

1. Миле Гошевски, ВМРО - ДПМНЕ и коалиција;
2. Марјана Андоновска, ВМРО - ДПМНЕ и коалиција;
3. Јордан Магдов, ВМРО - ДПМНЕ и коалиција;
4. Слободанка Секуловска, ВМРО - ДПМНЕ и коалиција;
5. Благојчо Јовевски, ВМРО - ДПМНЕ и коалиција;
6. Николчо Јовчев, СДСМ и коалиција;
7. Весна Каракашовска, СДСМ и коалиција;
8. Ангел Каракостов, СДСМ и коалиција;
9. Марјанчо Димитров, Движење ЗНАМ;

**Член 2**

Мандатот на советниците трае 4 години.

**Член 3**

Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Пехчево.

Бр. 09-1126/1
03.11.2025 год.
Пехчево

Претседавач на конститутивната
седница на советот на општина Пехчево
Јордан Магдов с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за формирање на кандидациона комисија**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука Одлука за формирање на кандидациона комисија, што советот на општина Пехчево ја донесе на конститутивната седница одржана на ден 03.11.2025 година.

Бр. 09-1130/4
03.11.2025 год.
Пехчево

Општина Пехчево
Градоначалник
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 32 став 2 од Законот за Локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. Бр. 5/02 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), член 31, 33 и 34 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), Советот на општина Пехчево на конститутивната седница одржана на 03.11.2025 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за формирање на Кандидациона комисија**

**Член 1**

Со оваа одлука се формира Кандидациона комисија при Советот на општина Пехчево.

**Член 2**

Задача на Кандидационата комисија е да предложи 1 или повеќе кандидати за претседател на Советот на општина Пехчево.

**Член 3**

Со изборот на претседател на Советот на општина Пехчево, Кандидационата комисија престанува со работа.

**Член 4**

Советот на општина Пехчево за членови на Кандидационата комисија, ги именува:
Благојчо Јовевски - претседател
Марјана Андоновска - член
Јордан Магдов - член
Весна Каракашовска - член
Марјанчо Димитров - член

**Член 5**

Одлуката влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во Сл. Гласник на општина Пехчево.

Бр. 09-1127/1
03.11.2025 год.
Пехчево

Претседавач на конститутивната
седница на советот на општина Пехчево
Јордан Магдов с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за избор на претседател на советот на општина Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за избор на претседател на советот на општина Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на конститутивната седница одржана на ден 03.11.2025 година.

Бр. 09-1130/5 | Општина Пехчево
03.11.2025 год. | Градоначалник
Пехчево | Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 47 од Законот за Локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. Бр. 5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), член 21 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), Советот на општина Пехчево на конститутивната седница одржана на 03.11.2025 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за избор на претседател на советот на општина Пехчево**

**Член 1**

Со оваа одлука се избира претседател на советот на општина Пехчево.

**Член 2**

За претседател на советот на општина Пехчево се избира Миле Гошевски.

**Член 3**

Правата и обврките на претседателот на советот на општината се уредени со Законот за локална самоуправа и со Статутот на општина Пехчево.

**Член 4**

Мандатот на претседателот на советот трае 4 години.

**Член 5**

Одлуката да се достави до именованиот, архива на општина Пехчево, Градоначалник на општина Пехчево и Министерство за локална самоуправа.

**Член 6**

Одлуката влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во Сл. Гласник на општина Пехчево.

Бр. 09-1128/1
03.11.2025 год.
Пехчево

Претседавач на конститутивната
седница на советот на општина Пехчево
Јордан Магдов с.р.

---

**С О Д Р Ж И Н А:**


1. Одлука за формирање на комисија за верификација, мандатни прашања, избори и именувања ____________________________________________________________________ 2;
2. Одлука за верификација на мандатите на членовите на Советот на општина Пехчево ____ 4;
3. Одлука за формирање на кандидациона комисија __________________________________ 6;
4. Одлука за избор на претседател на советот на општина Пехчево _____________________ 8;